# ИНФО ДАНОЦИ

# 0800 33 000

08-1963/1 05.03.2010

## Сите одговори на едно место!




Новата телефонска линија 0800 33 000 претставува национален услужен центар, преку кој даночните обврзници можат да добијат одговори на општи типови прашања во врска даноците и оданочувањето.

Центарот не ги решава барањата и прашањата поврзани со специфични и изолирани случаи.

**Данокот на додадена вредност**

**Данок на добивка**

**Персонален данок на доход**

**Фискализација**

**Социјални придонеси**

**е-Даноци**

- Регистрација на даночни обврзници
- Постапка за пријавување и плаќање на даноци и социјални придонеси
- Даночно ослободување и олеснувања
- Рокови и начин на поднесување на даночни пријави
- Регистрација и користење на системот за електронско поднесување на даночни пријави http://etax.ujp.gov.mk/
- Пребарување на правни субјекти

**Содржина:**

Сите одговори на едно место! 1
Излезни повици 2
Квалитативни стандарди 2
Достапност на услугите 2
Брза и лесна комуникација со даночната администрација! 2

## Излезни повици

Преку инфо линијата, Управата за јавни приходи ќе ги повикува и потсетува даночните обврзници дека имаат заостанат даночен долг или дека имале обврска да доставаат даночна пријава до УЈП, а тоа не го сториле.



## Квалитативни стандарди

Заради обезбедување и контрола на квалитетот на услугата, повиците кон 0800 33 000 се снимаат. Согласно техничките спецификации и протокол на информации, Управата за јавни приходи обезбедува дискреција на повикувачот.
Повиците кон 0800 33 000 се бесплатни.

## Достапност на услугите

Даночен информативен систем е во функција 24 часа/7 дена. Работното време на даночните оператори е секој ден од 9 до 20 часот, освен недела.
При повик надвор од работното време, се вклучува автоматската говорна секретарка гласовно сандаче (voice mail), односно се снимаат пораките/прашањата на повикувачите.



## Брза и лесна комуникација со даночната администрација!

Услугите на Контакт Центарот и на новата инфо линија имаат за цел да одговарат на секојдневните барања на даночните обврзници, односно поедноставување на комуникацијата со даночната администрација, подобрување на услугите, заштеда на време, намалување на трошоците во остварување на правата на даночниот обврзник.

- Зголемување на задоволството кај клиентот
- Едноставен и лесен пристап до даночните информации
- Доброволно и навремено исполнување на даночните обврски
- Намалување на потребата од директен контакт со вработените и посета на канцелариите на УЈП
- Намалување на трошоците на комуникација
- Олеснување на даночните процедури

Во рамките на Повикувачкиот центар на УЈП покрај новата телефонска линија функционираа и веќе постоечката линија 198 на која граѓаните можат да пријават неправилности: неиздавање на фискална сметка, вршење на нерегистрирана дејност, даночно затајување, непрофесионално однесување на даночен службеник, мито и корупција, недоставена пресметка за исплатени приходи. . .